Република Македонија
Универзитет "Св. Кирил и Методиј"-Скопје
МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ
09 Бр. 1141/15
24-06 2009 год.
СКОПЈЕ

**ЗАПИСНИК**

Од одржаната одбрана на магистерскиот труд под наслов: "ВИРТУЕЛНО ДИЗАЈНИРАЊЕ И ПРОИЗВОДСТВО НА АЛАТИ ЗА ИНЕКЦИОНО БРИЗГАЊЕ НА ПОЛИМЕРНИ МАТЕРИЈАЛИ" изработен од кандидатот Зоран Спироски, дипл. маш. инж..

Јавната одбрана на магистерскиот труд е одржана на ден 24.06.2009 година, во просториите на Машинскиот факултет од 12:00 до 13:30 часот.

На почетокот на одбраната беа прочитани податоците за кандидатот, текот на постапката за изработка на магистерскиот труд и извод од Извештајот на Комисијата за оценка и одбрана, усвоен од Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет во Скопје на ден 04.06.2009 година.

Во времетраење од 40 минути кандидатот успешно ја изложи суштината на својата работа, илустрирајќи го излагањето со проекција на слики, дијаграми и табели.

По сослушувањето на излагањето на кандидатот, членовите на Комисијата за одбрана на магистерскиот труд поставија прашања, на кои кандидатот одговори со знаење и познавање на предметната материја.

Врз основа на Извештајот за оценка на магистерскиот труд, како и текот на одржаната одбрана, Комисијата за одбрана, едногласно ја донесува следнава

**О Ц Е Н К А**

Кандидатот Зоран Спироски, дипл. маш. инж., го одбрани магистерскиот труд под наслов: "ВИРТУЕЛНО ДИЗАЈНИРАЊЕ И ПРОИЗВОДСТВО НА АЛАТИ ЗА ИНЕКЦИОНО БРИЗГАЊЕ НА ПОЛИМЕРНИ МАТЕРИЈАЛИ".

Комисијата со задоволство му предлага на Деканот на Машинскиот факултет да изврши промоција на кандидатот во **магистер на машински науки.**

Скопје, 24.06.2009 година

Комисија за одбрана,

1. Проф. д-р Љубен Дудески, претседател
2. Проф. д-р Атанас Кочов, ментор
3. Проф. д-р Јасмина Чалоска, член